Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 58-мата седница одржана на 29.12.2021 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката пред ДКСК по предметот број 12-2157/1 од 09.06.2020 година, СЕ ЗАПИРА.

Согласно член 17 став 1 точка 5 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси, ДКСК покренува Иницијатива за поведување постапка за кривично гонење до Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција (во натамошниот текст ОЈО ГОКК), против ----------- - в.д директор на ------------------------------------------------------------- (во натамошниот текст: ----------), поради постоење на основи на сомневање за сторено кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување" од член 353 став 1 во врска со став 5 од истиот член и кривично дело „ Злоупотреба на постапката за јавен повик, доделување на договор за јавна набавка или јавно-приватно партнерство" од член 275-в од Кривичниот законик.

Согласно член 17 став 1 точка 4 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси, ДКСК покренува Иницијатива за поведување постапка за утврдување на одговорност до -------------------.

Предметот со број 12-2157/1 од 09.06.2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предмет број 12-2157/1 од 09.06.2020 година е оформен врз основа на добиена пријава од непознат подносител.

Со пријавата, која е насловена како извештај за работата на државните институции со правното лице --------------------, се доставуваат информации за кои се наведува дека се јавно достапни и преземени од Бирото за јавни набавки. Во продолжение, наведено е дека

правното лице ------------------------------ добило 41 тендер за техничка поддршка од државни институции, односно секоја година ги добива сите тендери за техничка поддршка на ---------, ------------------------------------------, --------------------------------, --------------------------, ----------------------------------------------, -------------------------------------------------. Вкупно правното лице ------------------ остварило 92 188 211 денари или преку 1 500 000 евра од државни тендери за изнајмување на техничка опрема. Во прилог на пријавата се доставени извадоци од тендерските документации на сите институции за кои подносителот смета дека можат да укажуваат на коруптивни дејствија и поврзаност меѓу државните институции и наведеното правно лице.

Во пријавата се изразуваат повеќе наводи за сомневања за неправилности во овие постапки за јавни набавки, меѓу кои: постојат недоречености кои укажуваат на фаворизирање на правното лице -------------------; во 95% од случаите компанијата е единствен понудувач за учество на тендерите; недефинирани технички спецификации и потреби за техничка опрема и немањето агенда кога каде и каква техничка опрема е потребна за секој настан овозможуваат лесна манипулација и нетранспарентност помеѓу институциите; целата опрема што ја поседува -------------- е напишана во барањето на техничка опрема во тендерите на сите институции без притоа да се согледаат реалните потреби за настаните.

ДКСК ја побара документација од посочените институции за посочените јавни набавки и согласно направената анализа на спроведените постапки, констатира дека само една од институциите спровела рамковна спогодба а останатите спровеле редовна постапка за јавна набавка на услуги за изнајмување на опрема и склучиле сукцесивни договори за јавна набавка. Воедно, договорните органи спроведувале транспарентни постапки кои биле достапни до сите заинтересирани економски оператори. Дополнително, во ниту една од постапките не се доставени забелешки на тендерските документации ниту пак жалби од страна на незадоволни економски оператори.

Заради целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет, ДКСК побара од Комисијата за заштита на конкуренцијата во рамките на своите законски надлежности да даде стручно мислење дали техничките спецификации од постапките за јавни набавки на договорните органи доставени во прилог ја ограничуваат конкуренцијата на пазарот на посоченото правно лице -------------------------. Иако КЗК дава општо мислење дека непрецизирање на техничката спецификација, односно недефинирање на техничката опрема, недефинирање на агенда, кога, каде и каква техничка опрема е потребна за секој настан, рок на испорака на опремата, односно немање агенда, програма за настаните кои треба да бидат вклучени во тендерската постапка и недефинирање на техничките потреби за секој настан одделно имаат влијание врз конкуренцијата на пазарот, сепак не констатира дека е ограничена на посоченото правно лице -------------------------.

Од извршената анализа на прибраната документација утврдено е дека Јавните установи во РСМ кои организираат културни настани, во континуитет секоја година

спроведуваат постапки за јавна набавка на услуги за изнајмување на опрема потреба изведување на настаните за што издвојуваат значителни суми на буџетски средства. Имајќи го ова предвид, наместо да се изнајмува опремата на годишно ниво, ДКСК препорачува овие средства да се пренасочат кон купување на ваков вид на опрема со што јавните установи ќе го зголемат својот технички капацитет и способност самите да ги организираат овие настани, што на долг рок би заштеделе средства кои се плаќаат за изнајмување на опрема.

Имајќи ја предвид вака утврдената фактичка состојба, ДКСК констатираше дека за овие наводи нема елементи за натамошно постапување.

Покрај наводите за постапките за јавни набавки за изнајмување на техничка опрема, во однос на --------------- во постапувањето по овој предмет беа земени предвид и наводи за неправилности при организација на настанот „--------------------------".

Во насока на утврдување на фактичката состојба по овие наводи ДКСК се обрати и побара податоци, информации и вршење на соодветни проверки од неколку институции. Од анализата на целокупната прибрана документација ДКСК констатираше дека в.д директорот на ---------------- со објавувањето на Јавен повик за избор на коорганизатор на активностите за „------------------------------------------" постапил спротивно на член 6 од Договорот склучен помеѓу ---------- и --------------- за регулирање на правата и обврските по основ на финансиско учество за исплата на активности поврзани со ------------------------------------------ и не спровел постапка за јавна набавка.

Воедно, в.д директорот на --------------------- постапил спротивно и на Законот за јавните набавки имајќи предвид дека без оглед на обврската од меѓусебниот договор, за изворот и износот на средства за таа намена, како и природата на стоките и услугите кои биле набавени бил должен да го примени Законот за јавните набавки. Имено, согласно член 9 став (1) точка б) од Законот за јавните набавки (Службен весник на РМ бр.24/19 и Службен весник на РСМ бр.87/21), кој го уредува опфатот на договорни органи кои се должни да го применуваат законот, договорни органи во смисла на овој закон се и „правните лица основани за специфична намена за задоволување на потребите од јавен интерес што не се од индустриски или комерцијален карактер и кои, во најголем дел, се финансирани од страна на договорни органи од точка а) на овој став или од такви правни лица, или се подложни на контрола на работењето од страна на договорни органи од точка а) од овој став или од такви правни лица, или во кои повеќето од половината членови на управниот или надзорниот одбор се именувани од страна на договорни органи од точка а) на овој став или од такви правни лица". Во врска со став (3) од истиот член на законот, а согласно член 2 став (1) точка 2) алинеја 16 од Одлука за утврдување на индикативен список на договорни органи (Службен весник на РСМ бр.13/20) договорни органи се и јавните установи од областа на културата. Согласно член 40 став (1) точка а) алинеја 1 од законот „одредбите на овој закон се применуваат на постапките за јавни набавки и на конкурсите за избор на идејно решение

чија проценета вредност без данокот на додадена вредност во класичниот јавен сектор е еднаква или поголема од 1.000 евра во денарска противвредност за стоки или услуги или за конкурс за избор на идејно решение. Воедно, со ваквото постапување повредени се и основните начела на Законот за јавните набавки, односно член 4 од законот кој го уредува начелото на економичност, ефикасност и ефективност на користењето јавни средства и член 5 од истиот закон кој го уредува начелото на конкуренција помеѓу економските оператори. Со објавувањето на јавниот повик и склучување на договор со ко-организатор на износ на доделените средства од -------------- со непрофитна организација, в.д директорот на --------- придонел набавките на техничка опрема за организирање на настанот во најмал износ од 5110000 денари да не се извршат согласно Законот за јавни набавки. Ваквиот начин на постапување овозможил настанот да се организира надвор од пропишаната законска регулатива и создава ризик од намалување на конкуренцијата и нееднаков третман на економските оператори.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК смета дека постоењето на погоре опишаните околности претставува основ за сомневање за сторени кривични дела од член 353 став 1 в.в. став 5 и член 275-в од Кривичниот законик, од страна на в.д директорот на -----------, поради што одлучи до ОЈО ГОКК да покрене Иницијатива за поведување постапка за кривично гонење и иницијатива за поведување постапка за утврдување на одговорност до Град Скопје.

Изработил: Б.К.Ш.
Одобрил: Г.Т.., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**